<table>
<tr><td colspan="3">Почеток на неделата: датум:<br>број на час: 75</td><td colspan="3">Единица : Број и решавање проблеми П2<br>Текстуални проблеми со зголемување или намалување на проценти - 2</td><td>Одделение IX</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Време</td><td rowspan="2">Цели на учење</td><td rowspan="2">Критериуми за успех</td><td colspan="2">Активности</td><td rowspan="2">Ресурси</td><td rowspan="2">Доказ за постигнување</td></tr>
<tr><td>Опис</td><td>Форми и техники</td></tr>
<tr><td>20 мин</td><td>Цели за час 1<br>Решава проблеми со намалување или зголемување во проценти, вклучувајќи едноставни проблеми со лични или домашни финансии, пр. камата, попуст, добивка, загуба и данок.</td><td>Можам да решавам проблеми со намалување или зголемување во проценти, вклучувајќи едноставни проблеми со лични или домашни финансии, пр. камата, попуст, добивка, загуба и данок.</td><td>Наставникот ги истакнува критериумите за успех , ги дели учениците во хетерогени парови и им задава работна задача од работен лист,<br>( активност 1, активност 2 и активност 3 )<br><br>Паровите ги споделуваат своите мисли во мали групи или со целата паралелка.<br>Дискусија за текстуален проблем кој вклучува пресметка на процентуален профит/загуба<br>Наставникот бара од учениците да создадат текстуални проблеми кои се засноваат на затезна камата, данок, профит и загуба за другите ученици да ги решат.<br>Тие ги запишуваат своите решенија за другите ученици да може да ги проверат.</td><td>П,Г</td><td>Работен лист<br><br>активност 1<br><br>активност 2<br><br>активност 3</td><td>Работен лист набљудување прашања, одговор, дискусија</td></tr>
<tr><td>20 мин</td><td>Умствено решава текстуални проблеми.<br>Решава различни текстуални проблеми со пресметување во еден или во повеќе чекори.</td><td>Можам умствено да решавам текстуални проблеми.<br><br>Можам да решавам различни текстуални проблеми со пресметување во еден или во повеќе чекори.</td><td>Дискусија за стратегии на учениците за решавање на задачите од работен лист,<br>( активност 3, и активност 4 )<br>Учениците работат во парови на слични проблеми на оние погоре, Потоа учениците создаваат слични проблеми за нивниот партнер да ги реши. Дали ги користевте истите стратегии?</td><td>П,Г</td><td>Работен лист<br><br>активност 3<br><br>активност 4<br><br>Два можни текстуални проблеми се достапни на:<br><br>http://nrich.maths.org/794</td><td>Работен лист набљудување прашања, одговор, дискусија</td></tr>
</table>

| Организација Детали за диференцијација/ групи/ улога на возрасен ( поврзано со активностите) | Забелешки / можности за проширување/ домашна работа | Клучна терминологија |
|---|---|---|
| **Вовед:** Учениците се организирани во хетерогени парови .<br>На паровите во кои учениците имаат потешкотии при реализација на активност, наставникот им дава дополнително објаснување. | **Проширување на знаењата на учениците кои завршиле:** наставникот им дава работен лист со дополнителни задачи<br>**Домашна работа :** Работниот лист со дополнителни задачи останува за домашна работа за учениците кои побавно ги извршуваат зададените барања од страна на наставникот. | процентуално зголемување<br>процентуално намалување<br>процентуален профит<br>процентуална загуба<br>цена на чинење<br>процент<br>вкупно |